Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 02.03.2021

На 01.03.2021 во 19.20 часот по добиена наредба од Основен кривичен суд, инспектори од Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје извршиле претрес во домот на А.П.(24) од Скопје. При претресот пронајдено е: ЛСД, дигитална вага со остатоци од марихуана и семки од канабис. Лицето е лишено од слобода за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена пријава за сторено кривично дело "Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" казниво по член 215 од КЗ.

На 01.03.2021 во 21.10 часот, полициски службеници извршиле контрола во угостителски објект во с.Желино, тетовско, сопственост на З.С.(48) од с.Желино. Притоа, било констатирано дека објектот работи по дозволеното време и внатре биле затекнати повеќе лица – гости и странски државјанки кои ги забавувале гостите.
Објектот бил затворен, а З.С. бил лишен од слобода и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 206 од Кривичниот законик – „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија‟. Во полициска станица биле приведени и шест албански државјанки по член 418 од Кривичниот законик и поради злоупотреба на туристичкиот престој. По целосно документирање на случајот и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.02.2021 во 21.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Г.(30) од Куманово затоа што при преглед кај него бил пронајден кокаин. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување. Притоа, биле констатирани 61 прекршок (ТЕ-28 и ГВ-33) и на возачите им биле изготвени соодветни поднесоци согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Санкционирани биле и 7 (ГВ) други видови прекршоци.
Вчера, исто така, од 19.30 часот до 22.00 часот, тетовската Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај спроведе засилени контролни активности за брзина со кои се движат возилата во населено место. Со употреба на таканаречениот „ноќен радар‟ на улицата „Маршал Тито‟, на излезот од Тетово, биле регистрирани 28 пречекорувања на максимално дозволената брзина, од кои 11 за повеќе од 50 километри на час. На возачите им билеизготвени соодветни поднесоци.

На 01.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола над возачи кои вршат непрописно престигнуцање. Притоа, биле откриени 58 прекршоци, од кои 14 по акциската контрола и 44 останати прекршоци, кои биле соодветно санкционирани.

На 01.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат неправилно престигнување. Притоа, биле регистрирани 14 прекршоци, од кои 8 во Велес, пет во Кавадарци и еден во Неготино, кои ке бидат санкционирани со соодветни пријави.

На 01.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот СВР Штип спроведе акциска контрола на возачи за непрописно престигнување. Притоа, биле откриени 54 прекршоци, од кои 12 за непрописно престигнување и 42 останати прекршоци. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 01.03.2021 во 11.20 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на бул.„Браќа Ѓиноски‟ во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „бмв‟ со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.А.(54) од Гостивар и патничко моторно возило „бмв‟ со хрватски национални ознаки, управувано од Д.С.(43) од с.Врапчиште, гостиварско. Во незгодата, сопатничката во возилото со гостиварски регистарски ознаки, Е.А.(51) од Гостивар се здобила со тешки телесни повреди,  додека возачот А.А. се здобил со телесни повреди, констатирани во болницата во Гостивар. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

На 01.03.2021 во периодот од 07 до 12 часот на подрачјето на СВР Охрид била спроведен акциска контрола на возачи што вршат недозволено престигнување. Притоа, биле констатирани 25 случаи на непрописно престигнување и на возачите изречени им се соодветни санкции.

На 01.03.2021 во ОВР Прилеп било пријавено дека во стара куќа во с.Крушевица - Мариово била пронајдена граната од 75мм од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

На 01.03.2021 околу 16.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на кружниот тек во населба Ѓорче Петров, лице од возило „фолксваген голф‟ пукало кон возило „мерцедес", во кое бил полицискиот службеник З.Р.. Притоа, З.Р. се здобил со повреди во ногата и се упатил во Градската општа „8-ми Септември" за укажување на помош. Околу 19.00 часот возилото „голф‟ било пронајдено, а потоа, поради сомнение дека се сторители на делото, од слобода биле лишени Б.В.(40) и И.Л.(38), двајцата од Косово. По целосно документирање и расчистување на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.03.2021 во 22.05 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Прилеп-Македонски Брод, пред влезот за с.Ропотово, патничко моторно возило „форд ескорт‟ без регистарски ознаки, управувано од Р.Ј.(49) од с.Долнени, излетало од патот. Во незгодата на местото на настанот починал возачот. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 01.03.2021 во 12.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Св.Климент Охридски‟, бул.„Мајка Тереза‟, ул.„Васил Ѓоргов‟ и ул.„Јордан Мијалков‟,во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу возило, кое веднаш по незгодата го напуштило местото и мопед „априлиа‟ со скопски регистарски ознаки, управуван од Р.Д.(47) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза‟. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.03.2021 во 06.20 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот  пат Виница – Зрновци, патничко моторно возило  „пежо партнер‟ со штипски регистарски ознаки, управувано од К.А.(31) од Виница излетало од патот. Во незгодата возачот се здобил со  тешки  телесни повреди, констатирани во Општа болница Кочани. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Виница.

На 01.03.2021 во 19.20 часот по добиена наредба од Основен кривичен суд, инспектори од Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје извршиле претрес во домот на А.П.(24) од Скопје. При претресот пронајдено е: ЛСД, дигитална вага со остатоци од марихуана и семки од канабис. Лицето е лишено од слобода за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена пријава за сторено кривично дело "Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" казниво по член 215 од КЗ.

На 01.03.2021 во 21.10 часот, полициски службеници извршиле контрола во угостителски објект во с.Желино, тетовско, сопственост на З.С.(48) од с.Желино. Притоа, било констатирано дека објектот работи по дозволеното време и внатре биле затекнати повеќе лица – гости и странски државјанки кои ги забавувале гостите.
Објектот бил затворен, а З.С. бил лишен од слобода и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 206 од Кривичниот законик – „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија‟. Во полициска станица биле приведени и шест албански државјанки по член 418 од Кривичниот законик и поради злоупотреба на туристичкиот престој. По целосно документирање на случајот и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.02.2021 во 21.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Г.(30) од Куманово затоа што при преглед кај него бил пронајден кокаин. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат непрописно престигнување. Притоа, биле констатирани 61 прекршок (ТЕ-28 и ГВ-33) и на возачите им биле изготвени соодветни поднесоци согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Санкционирани биле и 7 (ГВ) други видови прекршоци.
Вчера, исто така, од 19.30 часот до 22.00 часот, тетовската Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај спроведе засилени контролни активности за брзина со кои се движат возилата во населено место. Со употреба на таканаречениот „ноќен радар‟ на улицата „Маршал Тито‟, на излезот од Тетово, биле регистрирани 28 пречекорувања на максимално дозволената брзина, од кои 11 за повеќе од 50 километри на час. На возачите им билеизготвени соодветни поднесоци.

На 01.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена акциска контрола над возачи кои вршат непрописно престигнуцање. Притоа, биле откриени 58 прекршоци, од кои 14 по акциската контрола и 44 останати прекршоци, кои биле соодветно санкционирани.

На 01.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на возачи кои вршат неправилно престигнување. Притоа, биле регистрирани 14 прекршоци, од кои 8 во Велес, пет во Кавадарци и еден во Неготино, кои ке бидат санкционирани со соодветни пријави.

На 01.03.2021 во периодот од 07.00 до 12.00 часот СВР Штип спроведе акциска контрола на возачи за непрописно престигнување. Притоа, биле откриени 54 прекршоци, од кои 12 за непрописно престигнување и 42 останати прекршоци. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции.

На 01.03.2021 во 11.20 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на бул.„Браќа Ѓиноски‟ во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „бмв‟ со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.А.(54) од Гостивар и патничко моторно возило „бмв‟ со хрватски национални ознаки, управувано од Д.С.(43) од с.Врапчиште, гостиварско. Во незгодата, сопатничката во возилото со гостиварски регистарски ознаки, Е.А.(51) од Гостивар се здобила со тешки телесни повреди,  додека возачот А.А. се здобил со телесни повреди, констатирани во болницата во Гостивар. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

На 01.03.2021 во периодот од 07 до 12 часот на подрачјето на СВР Охрид била спроведен акциска контрола на возачи што вршат недозволено престигнување. Притоа, биле констатирани 25 случаи на непрописно престигнување и на возачите изречени им се соодветни санкции.

На 01.03.2021 во ОВР Прилеп било пријавено дека во стара куќа во с.Крушевица - Мариово била пронајдена граната од 75мм од Првата светска војна. Гранатата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

На 01.03.2021 околу 16.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на кружниот тек во населба Ѓорче Петров, лице од возило „фолксваген голф‟ пукало кон возило „мерцедес", во кое бил полицискиот службеник З.Р.. Притоа, З.Р. се здобил со повреди во ногата и се упатил во Градската општа „8-ми Септември" за укажување на помош. Околу 19.00 часот возилото „голф‟ било пронајдено, а потоа, поради сомнение дека се сторители на делото, од слобода биле лишени Б.В.(40) и И.Л.(38), двајцата од Косово. По целосно документирање и расчистување на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 01.03.2021 во 22.05 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Прилеп-Македонски Брод, пред влезот за с.Ропотово, патничко моторно возило „форд ескорт‟ без регистарски ознаки, управувано од Р.Ј.(49) од с.Долнени, излетало од патот. Во незгодата на местото на настанот починал возачот. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 01.03.2021 во 12.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од бул.„Св.Климент Охридски‟, бул.„Мајка Тереза‟, ул.„Васил Ѓоргов‟ и ул.„Јордан Мијалков‟,во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу возило, кое веднаш по незгодата го напуштило местото и мопед „априлиа‟ со скопски регистарски ознаки, управуван од Р.Д.(47) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза‟. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.03.2021 во 06.20 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот  пат Виница – Зрновци, патничко моторно возило  „пежо партнер‟ со штипски регистарски ознаки, управувано од К.А.(31) од Виница излетало од патот. Во незгодата возачот се здобил со  тешки  телесни повреди, констатирани во Општа болница Кочани. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Виница.
На 01.03.2021 околу 10.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово, врз основа на судска наредба, го привеле М.З.(47) од с.Мала Речица, тетовско, за издржување казна затвор од една ипол година за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори‟. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор „Идризово‟ во Скопје за издржување на казната.

Во текот на вчерашниот ден (01.03.2021) Мобилната единица за безбедност во сообраќајот на патиштата спроведе зајакната акциска контрола за санкционирање на возила кои непрописно престигнуваат на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 147 возачи. Од нив, 61 на територијата на СВР Тетово, а 25 непрописно престигнувале на територијата на СВР Охрид.

На 01.03.2021 во 21.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово, врз основа на судска наредба, го привеле Б.М.(37) од Куманово за издржување казна затвор. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа – Затвор Кшање -Куманово.

На 01.03.2021 околу 21.00 часот во тетовски Челопек, полициски службеници на СВР Тетово го привеле А.И.(30) од тетовско Боговиње затоа што при негов и преглед на возилото „ровер‟ што го управувал бил пронајден и одземен нож. По документирање на случајот против А.И. ќе следува поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 01.03.2021 околу 10.20 часот, полициски службеници на СВР Тетово, врз основа на судска наредба, го привеле М.С.(23) од Тетово за издржување на затворска казна за сторено кривично дело „насилство‟. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа - Затвор „Тетово‟ во Тетово за издржување на казната.

На 01.03.2021 во 15.20 часот во Полициската станица Аеродром, С.К.(77) од Скопје пријавил бил измамен од едно лице. Според пријавеното, околу 14.00 часот лицето дошло до неговиот дом и му понудил на продажба огревни дрва, по што С.К. и лицето заминале да ги видат дрвата. Во меѓувреме, сторителот отишол во куќата на С.К. и од неговата сопруга земал пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за Гранични работи Север поднесе кривична пријава против М.Ц.(32) -  турски државјанин, Р.Б.(35) и Л.Б.(33) - двајцата македонски државјани, О.Ј.(63) - турски  државјанин, Б.М.Б.(43) - швајцарски државјанин и Р.А.(57) државјанин на Велика Британија поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа‟. Во периодот од 17.02.2021 до 23.02.2021, пријавените на Полициска станица за Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје‟ приложиле фалсификувани негативни ПЦР тестови.

Регионален центар за Гранични работи Исток поднесе кривична пријава против Ф.К.(30) - турски државјанин, Г.Е.(28) - турски државјанин и М.Д.(20) од Виница поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување исправа‟. На 24.02.2021 на Граничен премин „Делчево‟ пријавените приложиле фалсификувани негативни ПЦР тестови.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет